**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за макроекономска политика**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Август 2009 година**



**Скопје, октомври 2009 година**

# РЕЗИМЕ
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

### Август 2009 година

- **Зголемување на индустриското производство од 7,5% на месечна основа**
- **Годишна стапка на инфлација од -1,4%**
- **Годишно намалување на извозот на стоки (во евра) за 33% во осумте месеци од 2009 година, со истовремен пад на увозот на стоки за 25,1%**
- **Помало остварување на вкупните приходи на Централниот буџет за 5,1% (13,1% од БДП), а зголемување на вкупните расходи за 24,1% (14,7% од БДП) во период јануари-август 2009 година во однос на истиот период лани**
- **Пораст на Бруто девизните резерви во август 2009 година во однос на декември 2008 година од 0,7% (состојба 1.505,0 милиони евра), при истовремен месечен раст од 8,0% или 111,6 милиони евра, во услови на нето купопродажба на девизниот пазар од 25,0 милиони евра**
- **Зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 16% за периодот од јануари-август 2009 година**

## 1. Реален сектор

**1.1. Индексот на индустриското производство во периодот јануари - август од 2009 година забележа намалување од 12,8% споредено со истиот период претходната година.**

Индексот на индустриското производство во август 2009 година во споредба со претходниот месец забележа раст од 7,5%.

Анализата на индексот по сектори на индустриско производство во август 2009 година во однос на претходниот месец укажува дека позитвните резултати се должат на зголемената активност во секторот Вадење руди и камен од 7,0%, во секторот Преработувачка индустрија 6,4%, и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода од 21,2%.

Во рамки на преработувачката индустрија раст забележаа неколку гранки, при што највлијателен беше растот во производството на основни метали од 12,2%, и производство на неметални минерали од 8,4%.




Индексот на индустриското производство на годишна основа забележа намалување од 9,9% односно е преполовен споредено со падот лани.

Десезонираниот раст на индустриско производство изнесува 8,7%, што укажува дека доколку се исклучи сезонската компонента растот е за 1,7 процентни поени поголем.

Според очекувањата на менаџерите на претпријатијата тековната економска состојба на претпријатијата во август 2009 година се оценува како поповолна во однос на претходните два месеца, а во спредба со истиот месец од 2008 година е многу понеповолна.




Според менаџерите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во август 2009 година имаат следниве фактори: недоволната странска побарувачка (25,0%), недоволната домашна побарувачка (17,1%), неизвесното економско окружување (13,5%) и финансиските проблеми (11,6%)

**Бројот на работници во индустрија во август 2009 година во однос на истиот месец од лани е намален за 9,8%.** Во секторот Вадење на руди и камен бројот на работници е намален за 12,9% на годишна основа, додека во секторот Преработувачка индустрија падот на вработеноста е 10,2%.

**1.2. Во август 2009 година цените на стоките за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот, се намалија за 1,4% во однос на истиот месец од претходната година**.

Падот главно се должи на намалувањето кај сообраќајните средства и услуги за 9,6%, исхрана 2,0% и услуги 2,7%.




Индексот на трошоците на живот во август 2009 година во споредба со јули 2009 година е понизок за 0,3%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за август 2009 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 11.825 денари и во однос на претходниот месец е пониска за 0,5%.

Индексот на цените на мало во август 2009 година забележа намалување од 2,1% во однос на август 2008.

**1.3. Во авуст 2009 година, на светските берзи имаше раст на цените на најголемиот дел од металите и енергенсите, додека прехранбените производи забележаа благо намалување на цената.**




Во август цената на нафтата на светската берза се зголеми за 11,6% во однос на претходниот месец и достигна цена од 72,50 долари за барел. Споредено со август претходната година, цената на нафтата е намалена за 36,3%.

Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 22,9% и достигна цена од 19,642 долари за еден метрички тон ($/мт). Цената на бакарот во август забележа пораст од 18,1% во однос на јули и достигна 6,165 долари за еден метрички тон ($/мт), додека цената на златото во август остана речиси непроменета во однос на претходниот месец. Стабилни останаа и цените на челикот и челичните лимови.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во првите осум месеци од 2009 година вкупната надворешно-трговска размена, изразено во евра, се намали за 28% во однос на истиот период минатата година.**




Притоа, физичкиот обем на извозот е намален за 25,3%, а неговата вредност достигна 1.242,3 милиони евра, што претставува намалување од 33%. Намалувањето на количинскиот увоз на стоки

изнесува 19,2%, а неговата вредност оствари износ од 2.350,4 милиони евра, или намалување од 25,1%. При вакви движења на извозот и увозот на стоки, дефицитот во размената остварен во овој период се намали за 177,8 милиони евра (13,8%) во однос на истиот остварен до крајот на август 2008 година и изнесува 1.108 милиони евра, при што најголем придонес има намалениот увоз на нафта и производи од нафта и железо и челик и нивни производи.

Трговскиот дефицит остварен во првите осум месеци од 2009 година претставува 17,1% од проценетиот БДП (6.467 милиони евра) за 2009 година.

Во периодот јануари-август 2008 година увезена е нафта и нафтени деривати во износ од 288,4 милиони евра, што претставува вредносно намалување од 190 милиони евра (40%) во однос на истиот период минатата година. Со оглед дека увезената количина, пак, е зголемена за 1,2%, се потврдува фактот дека намалената вредност на увозот на нафта и нафтени деривати се должи првенствено на падот на нивната цена на светските берзи. Поради ваквите случувања, дефицитот на размената само на овој производ во осумте месеци од годината е намален за 125,4 милиони евра.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII - 2008 | I-VIII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 254,5 | 232,0 | -22,5 | -8,9 |
| Мил. ЕУР | 153,3 | 87,6 | -65,7 | -42,9 |
| Мил.$ | 235,5 | 119,5 | -116,0 | -49,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII - 2008 | I-VIII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 918,7 | 929,3 | 10,7 | 1,2 |
| Мил. ЕУР | 479,48 | 288,4 | -191,1 | -39,9 |
| Мил.$ | 734,6 | 391,5 | -343,1 | -46,7 |

*)Претходни податоци

Според податоците изразени во евра, помалиот извоз остварен во периодот јануари-август (-611,2) милиони евра, во најголем дел се должи на намалениот извоз на следните производи: железо и челик за 400 милиони евра (со придонес од 70%), нафта и производи од нафта за 65 милиони евра (со придонес од 10,7%), метална руда и метални отпадоци 51 милион евра (со придонес од 9,6%), облека 43,7 милиони евра (со придонес од 7%), додека стапка на пораст бележи извозот на тутун и преработки од тутун и индустриските машини и делови.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII - 2008 | I-VIII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 759,1 | 389,1 | -370,0 | -48,7 |
| Мил. ЕУР | 632,6 | 231,7 | -400,9 | -63,4 |
| Мил.$ | 972,5 | 314,1 | -658,4 | -67,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII - 2008 | I-VIII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 697,3 | 333,2 | -364,1 | -52,2 |
| Мил. ЕУР | 384,3 | 130,2 | -254,1 | -66,1 |
| Мил.$ | 592,4 | 176,4 | -416,0 | -70,2 |

*)Претходни податоци

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во овој период се: облека со 22,2%, железо и челик со 18,7%, нафта и производи од нафта 7,1%, овошје и зеленчук 5,2%, тутун и преработки 4,9% и метална руда и метални отпадоци 4,2%.** Овие шест групи производи сочинуваат 62,6% од вкупниот извоз на државата.




Споредено со периодот јануари август од 2008 година, помалку остварениот увоз во првите осум месеци оваа година во најголем дел се должи на помалиот увоз на: железо и челик за 254 милиони евра (со придонес од 32%), нафта и производи од нафта за 192 милиони евра (со придонес од 24%), електрична енергија за 89 милиони ева (со придонес од 11%), суровини -

метална руда и метални отпадоци за 78 милиони евра (со придонес од 10%). Гледано по структурата на увозот во првите осум месеци, најголем дел отпаѓа на: нафта и производи од нафта (288 мил. евра), текстилни предива и слично (178 мил. евра), друмски возила (140 мил. евра), железо и челик (130 мил. евра), индустриски машини и делови (86 мил. евра) и друго.

**2.3.** Гледано по региони, во првите осум месеци од 2009 година Европската унија( ЕУ 27) има доминантно учество во вкупната надворешно-трговска размена од 53,8% (извоз на стоки 56,4% и увоз на стоки 51,2%). Извозот во Европската Унија е намален за 44,5%, а увозот е намален за 27,2% во однос на истиот период од 2008 година.

Гледано по земји, во осумте месеци од 2009 година, споредено со истиот период минатата година, намален е извозот во Грција, Бугарија, Германија, Италија (поради помалку извезените суровини, железо и челик и друго), со истовремено намалување и на увозот од Русија, Полска, Украина, Србија, Швајцарија, Грција (намалениот увоз на енергенси).

Во анализираниот период јануари-август 2009 година, околу 70% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Турција, Италија, Словенија, Швајцарија, Грција и САД.

**2.4.** Гледано по валутна структура, и во овие осум месеци доминира еврото, при што 77,3% од надворешно-трговската размена е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува пораст од 3,9 процентни поени (п.п.). На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 82,5% и 74,5%, соодветно, и во однос на истиот пероид лани претставува поинтензивен пораст кај извозот за 4,8 п.п., а кај увозот овој пораст изнесува 3,7 п.п..

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| ИЗВОЗ | I-VIII 2008 | | | | | I-VIII 2009 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 2.144 | 1.438.749.112 | 61,2506 | 88.124.246.334 | 77,7 | 1.528 | 1.025.533.427 | 61,3242 | 62.890.016.999 | 82,5 | -413.215.684 | -28,7 |
| USD | 438 | 623.043.101 | 39,9977 | 24.920.291.041 | 22,0 | 399 | 285.296.774 | 45,3361 | 12.934.243.068 | 17,0 | -337.746.327 | -54,2 |
| EUR+USD | 2.582 | | | 113.044.537.374 | 99,7 | 1.927 | | | 75.824.260.067 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.588 | | | 113.441.246.739 | 100,0 | 1.657 | | | 76.217.894.766 | 100,0 | | -32,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари - август 2009 година вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 51.804 милиони денари (13,1% од БДП), што претставува помало остварување за 5,1% во однос на истиот период од минатата година.**

Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 45.434 милиони денари, што претставува помало остварување за 10,3% во однос на истиот период лани. Даночните приходи во август годинава во однос на истиот месец минатата година се пониски за 4,5%.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите осум месеци од 2009 година е доминантно и изнесува 48,7%, а на акцизите 19,9%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 31.172 милиони денари, односно 68,6% (или повеќе од 2/3) од вкупните даночни приходи (7,9% од БДП).

Анализирано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа пад од 9,5%, данокот на добивка од 42,8% (ова намалување е делумно поради изменета регулатива - од почетокот на 2009 година не се плаќа данок на нераспределена добивка), приходите од царина се остварени помалку за 17,8%, додека зголемени се приходите од персоналниот данок за 2,8% и акцизите од 3,2% споредено со истиот период лани.




Неданочните приходи се зголемени за 74,9% во однос на истиот период лани, особено поради исплатената дивиденда од Телеком во месец мај во износ од 2.383 милиони денари.

**3.2. Во овој период од 2009 година вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 58.351 милиони денари (14,7% од БДП), што е повеќе за 24,1% во однос на истиот период од 2008 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи (51.947 милиони денари) учествуваат со 89,0% и се поголеми за 24,1% во однос на истиот период минатата година, додека капиталните расходи забележуваат учество од 11,0%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (29.502 милиони денари), а потоа се платите и надоместоците (13.972 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 24,0% и во однос на истиот период лани се зголемени за 12,3%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 7.216 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2008 година за 11,0%.

Во делот на трансферите во овој период се потрошени 35,2% повеќе средства (7.781 милиони денари) споредено со истиот период 2008 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 50,6% во вкупните расходи (7,4% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а е зголемен и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотации на 68 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 9.643 милиони денари или за 3.032 милиони денари повеќе (45,9% зголемување).

Каматите се реализирани во износ од 1.257 милиони денари, што е помалку за 1,9% во споредба со истиот период 2008 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 6.404 милиони денари, што претставува зголемување од 25,9% во споредба со истиот период 2008 година и претставуваат 1,6% од БДП.

**3.3. Оттука во периодот јануари- август 2009 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 6.547 милиони денари (1,7% од БДП), додека дефицитот на Консолидираниот буџет изнесува 6.342 милиони денари и претставува 1,6% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

4.1. Во август 2009 година примарните пари[1] забележаа раст од 13,7% на годишна основа (раст од 4,3% во јули) во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 33,7% и намалена побарувачка на готовите пари во оптек за 6,3%.

**На месечна основа примарните пари забележаа забавен раст од 1,2%, што се должи на порастот на вкупните ликвидни средства на банките од 4,2% и пониска побарувачка за готови пари за 2,7%.**

**Во август 2009 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е иста како во јули и изнесува 9%.**

Каматната стапка на државните хартии од вредност изнесува 5,50% за шест месечните државни записи со девизна клаузула. Беше одржана само една аукција на шест месечните државни хартии во услови на тендер со износи (ограничен - со цена).

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во август забележува раст од 0,5% на годишна основа** (пад од 0,1% во јули 2009 година, кога за прв пат по шест години континуиран раст беше остварен пад). **На месечна основа вкупните депозити регистрираат раст од 2,8% (пад од 1,0% во претходниот месец), како резултат на зголемувањето на вкупните депозити на домаќинствата, додека девизните депозити на претпријатијата оствarија пораст (8,0% на месечна основа).**

Во август 2009 година денарските депозити бележат раст од 3,1% на месечно ниво, додека девизните депозити остварија раст од 2,5% На годишно ниво денарските депозити забележаа пад од 15,5%, додека девизните депозити остварија пораст од 19,1%.[3]

Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор бележат раст од 7,7% на месечно ниво, додека заштедите на населението регистрираат раст од 0,6%. Во однос на минатата година депозитите на населението се повисоки за 10,0%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 20,3%.

**4.3. Во август 2009 година продолжува стеснувањето на кредитната активност и покрај поволните знаци на стабилизирање на кредитниот пазар во јули** (по стеснувањето на вкупното кредитно портфолио на банките во мај и јуни), така што вкупните кредити кон приватниот сектор се намалени (0,2%). Месечниот пад на кредитите произлегува главно од намаленото кредитирање во корпоративниот сектор од 0,3%, како и од благото зголемување на девизните кредити 0,02%. Во однос на минатата година кредитниот раст бележи понатамошно забавување и изнесува 9,3% (наспроти 11,2% во јули 2009 година) и за прв пат по септември 2003 година има едноцифрена стапка на раст.

---

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити.

[2] Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите.

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 10,2% и 8,9%, соодветно.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) бележат забавен пораст од 11,2% на годишно ниво, а девизните кредити раст од 3,1%.

Во однос на минатиот месец денарските пласмани се пониски за 0,2%, додека девизните кредити бележат пад од 0,3%.

**4.4. Во август 2009 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити е идентична со стапката во месец јули и изнесува 10,2%.** Просечната каматна стапка на девизните кредити е иста како стапката во минатиот месец и изнесува 7,6%. Во однос на лани се забележува затегнување на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити оствари раст од 0,6 п.п. Од друга страна пак каматната стапка на девизните кредити забележа пад од 0,5 п.п. на годишна основа. Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка, 9,8% за денарски и 7,1% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во август 2009 година е иста со стапката во претходниот месец и изнесува 7,2%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 1,3 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е на исто ниво од претходниот месец и изнесува 3,3%, а на годишна основа бележи пораст од 0,9 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во август 2009 година изнесуваат 1.505,0 милиони евра и во однос на декември 2008 година остварија раст од 0,7% (10,1 милиони евра).** На месечно ниво истите бележат пораст од 8,0%, односно од 111,6 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 25,0 милиони евра. НБРМ преку девизните трансакции изврши креирање на ликвидни средства.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-август 2009 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 154.599 засновани нови работни односи.** Од вкупниот број новвработени 43,7% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 16%.

Во текот на август засновани се 13.420 нови работни односи, од кои 22,9% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во август изнесува 7.482, од кои 39,4% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 9.224 лица, од кои 59,2% се лица на кои им престанал работниот однос.



**Резултатот е зголемување на невработеноста за 1.742 лица, односно за 0,5% во однос на претходниот месец. Така, во август 2009 година бројот на невработени лица изнесува 342.518.**

Споредено со истиот месец лани бројот на невработени лица е намален за 0,5%.

Најголем дел од невработените, односно 66,1%, се од урбани средини (градско население), додека 57,3% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,7% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел или 59,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,8% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во август 2009 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 273.146 пензионери, што претставува годишно зголемување од 0,04%. Бројот на корисници на пензија е зголемен за 68 лица во однос на претходниот месец.**




За исплата на пензии во месец август се потрошени 2.736,72 милиони денари, што претставува 56,2% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Во август 2009 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 10.042 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 6%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2009 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 49,9%.

**5.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-јули 2009 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2008 година бележи номинален раст од 27,4%, додека реално просечната плата е повисока за 27,5%.**




Во јули 2009 година просечната нето плата по вработен изнесува 19.763 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 25%, додека реалниот раст изнесува 26,7%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во јули 2009 година изнесува 3,4%, што е за 5,4% помалку во споредба со истиот период од претходната година.